20260530893

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став (2) од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/26) во делот I табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Мерки за основна поддршка на доходот на земјоделските стопанства | 20.000.000,00 |
| 2. | Мерки за дополнителна поддршка на доходот на земјоделските стопанства | 20.000.000,00 |
| 3. | Мерки за директни плаќања по единица производ (по килограм, по литар, по грло, по пиле, по бројлер, по несилка, по растение) во растителното и сточарското производство | 2.080.000.000,00 |
| 4. | Мерки за поддршка на влезни елементи во производството, како и нивни производи | 5.000.000,00 |
| 5. | Мерка за поддршка за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2026 година | 1.000.000,00 |
| 6. | Мерка за директни плаќања за мали земјоделски стопанства | 1.000.000,00 |
| 7. | Помош во премии и осигурување | 1.000.000,00 |
| 8. | Помош во сточарскиот сектор | 15.000.000,00 |
| 9. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000.000,00 |
| 10. | Помош за поддршка на трошоци за | 520.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | |
| 11. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 22.000.000,00 |
| 12. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 3.375.345.000,00 |
| | Вкупно | 6.061.345.000,00 |

“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „770.000.000,00“ се заменува со износот „20.000.000,00“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „100.000.000,00“ се заменува со износот „20.000.000,00“.

IV

Во делот IV во воведната реченица износот „2.000.000.000,00“ се заменува со износот „2.080.000.000,00“.

V

Делот VII се менува и гласи:

„Средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 1.000.000,00 денари се наменети за директни плаќања за мали земјоделски стопанства.

Корисници на директните плаќања од дел I мерка 6 од оваа програма се земјоделски стопанства кои не ги исполнуваат поблиските критериуми по прифатлив хектар, грло добиток и пчелно семејство од подмерките 1.1, 1.2., 1.3., 1.4., 1.7., 1.10., 1.11. или 1.12. од член 2 став (2) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година, а биле корисници за подмерките 1.1., 1.3., 1.6., 1.8., 2.1, 2.7., 2.9. или 2.14 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

Висината на поддршката од ставот 1 на овој дел ќе се пресметува согласно висината на поддршката утврдена во подмерките 1.1, 1.2., 1.3., 1.4., 1.7., 1.10., 1.11. и/или 1.12 од член 2 став (2) од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година, но да не надминува 30.000,00 денари по корисник.“.

VI

Во делот XIII износот „2.625.345.000,00“ се заменува со износот „3.375.345.000,00“.

VII

Во делот XIV зборовите „мерки 1, 2, 3, 4, 5, 7 и 9“ се заменуваат со зборовите „мерки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 9“.

VIII

Во делот XV во ставот 5 зборовите „мерката 9“ се заменуваат со зборовите „мерките 6 и 9“.

IX

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-2131/8 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |